РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 22-533/12
15.08.2023 год.
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 62 став 10 од Закон за урбанистичко планирање(„Службен весник на Република Северна Македонија "бр.32/2020), градоначалникот на Општина Ранковце го издава следното :

# СООПШТЕНИЕ

За спроведување на јавен увид по Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Г3-индустрија на финални производи и сервисни услуги на к.п.бр.2186, КО Радибуш, Општина Ранковце

## Член 1

Се известуваат граѓаните на Општина Ранковце дека се организира Јавен увид по Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Г3-индустрија на финални производи и сервисни услуги на к.п.бр.2186, КО Радибуш, Општина Ранковце со тех.број 23/02 од јули 2023 година, изработена од Друштво за урбанизам, проектирање и инжинеринг „ ПЛАНЕРИС " ДООЕЛ Куманово

## Член 2

Проектниот опфат на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Г3-индустрија на финални производи и сервисни услуги на к.п.бр.2186, КО Радибуш, Општина Ранковце се наоѓа во централниот дел на село Радибуш до регионалниот пат Р213 и до сега не бил опфатен со урбанистичка документација.

Границите на планскиот опфат се:

- На север со к.п. бр. 2185;
- На исток со к.п.бр. 2182;
- На југ со к.п.бр. 2187;
- На запад со регионален пат.

Површина на проектниот опфат на урбанистичкиот проект изнесува 7349 м2.

Со овој урбанистички проект се планира изградба на објекти со намена Г3-индустрија на финални производи и сервисни услуги. Во рамките на проектниот опфат нема изградени објекти и истиот не е опремен со комунална инфраструктура.

Во границите на планскиот опфат планирани се 1 градежна парцела со следната основна класа на намена : Г3-индустрија на финални производи и сервисни услуги.

## ЈАВЕН УВИД

На Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Г3-индустрија на финални производи и сервисни услуги на к.п.бр.2186, КО Радибуш, Општина Ранковце со тех.број 23/02 од јули 2023 година, изработена од Друштво за урбанизам, проектирање и инжинеринг „ ПЛАНЕРИС " ДООЕЛ Куманово, ќе трае 15 (петнаесет) дена во електронска форма, кој надлежниот орган го става на увид на јавноста со објавување на службената web страна на Општина Ранковце www.rankovce.gov.mk, во период од 16.08.2023 год. до 30.08.2023 год., за кое време можат да се доставаат евентуални забелешки секој работен ден од 7:30 до 15:30 часот во просториите на одделението за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина, ЛЕР и јавни дејности при Општина Ранковце.

Изработил,
Моме Крстевски

Mome Krstevski

Digitally signed by Mome Krstevski
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=187325, title=Rakovoditel, sn=Krstevski, givenName=Mome, cn=Mome Krstevski
Date: 2023.08.15 09:23:20 +02'00'

ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Градоначалник
Борче Спасовски

BORCHE SPASOVSKI

Digitally signed by BORCHE SPASOVSKI
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=166537, title=GRADONACALNIK, sn=SPASOVSKI, givenName=BORCHE, cn=BORCHE SPASOVSKI
Date: 2023.08.15 09:24:27 +02'00'